Врз основа на член 17 став (1) алинеја 8 од Законот за воздухопловство ('Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25) и член 8 став (2) од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови (”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 10-1298/1
14-10-2025 год.-viti
Скопје-Shkup

## РЕШЕНИЕ

### за утврдување на Редот на летање за IATA Зимската сезона 2025/2026

1. СЕ УТВРДУВА Редот на летање на сите редовни авиопревозници кои летаат до/од Република Северна Македонија за IATA Зимската сезона 2025/2026, односно периодот од 26 октомври 2025 до 28 март 2026 година.

2. Авиопревозниците треба да го вршат редовниот воздушен превоз во Меѓународниот воздушен сообраќај врз основа на меѓународни договори што ја обврзуваат Република Северна Македонија, Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25) и Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај (”Службен весник на Република Македонија” бр. 85/08, 148/11, 10/15, 150/15 и 173/15) и другите прописи кои важат во Република Северна Македонија.

3. Авиопревозниците се должни согласно член 47 став (1) од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25) редовно и уредно да го одржуваат превозот во воздушниот сообраќај.

4. Авиопревозниците се задолжуваат, согласно член 28 став (3) од Законот за воздухопловство (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), на барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, пред почетокот на IATA Зимската сезона 2025/2026, до Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (на е-пошта: dimeri@caa.gov.mk) да ја достават Програмата за обезбедување на авиопревозникот, одобрена од надлежната воздухопловна власт на земјата која го издала уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на комерцијален воздушен транспорт (Air Operator Certficate-AOC).

5. Авиопревозниците ќе бидат предмет на RAMP инспекции од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на летачки операции, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор за летачки операции (”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 64/21) и Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење надзор на воздухоплови, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на воздухоплови ”Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 49/22) во кои се транспонирани соодветните ЕУ прописи за вршење на RAMP инспекции.

6. При вршењето на редовен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообракај авиопревозниците треба да ги почитуваат важечките прописи за патничките права и

истите ќе бидат предмет на инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздухопловството, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/23).

7. Авиопревозниците се задолжуваат да го плаќаат надоместокот од секој патник во заминување од аеродромите во Република Северна Македонија (МКСАА) согласно член 21 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25) и Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство бр. 02-1132/4 од 26.12.2024 година, објавен на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

8. Врз основа на ова решение Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија ќе издаде посебни одобренија за летање на странските авиопревозници наведени подолу, со исклучок на ЕЗВО авиопревозниците кои летаат на секторот на трета и четврта воздухопловна слобода.

9. Непридржувањето кон горенаведените задолженија и посебните одобренија за летање е основа за нивно повлекување.

10. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од 26 октомври 2025 година.

**Директор**

**Драги Стојаноски**

Доставено до Архива и до:

1. Austrian Airlines;
2. Air Serbia;
3. Aegean Airlines;
4. Ajet;
5. Croatian Airlines;
6. Chair Airlines;
7. Wizz Air Hungary;
8. Wizz Air UK;
9. Wizz Air Malta;
10. Pegasus Airlines;
11. Edelweiss Air AG;
12. Lot Polish Airlines;
13. Turkish Airlines;
14. Sun Express Airlines;
15. Lufthansa;
16. Easy Jet Europe и
17. Easy Jet Switzerland

Подготвил: МП__________
Одобрил: ВЃА__________